Врз основа на член 23 и член 24 од Статутот на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија, Управниот одбор на КМФМ на својата седница одржана на ден 20.06.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за рангирање на клубови за оставарување во натпреварувачкиот систем на КМФМ**
**заклучно со 20.06.2022 година**

Член 1

Рангирањето на клубовите за остварување во натпреварувачкиот систем на КМФМ се врши според пропишаните критериуми во Бодовниот национален систем на КБФМ, усвоен со Одлука на Извршниот одбор на КБФМ на ден 01.12.2017 година и „Листата со статистика за достигнувања на клубови и натпреварувачи за тековната 2022 година" заклучно со 20.06.2022 година.

Член 2

Средствата за партиципација за финансирање на рангираните клубови се доделени од Агенцијата за млади и спорт на РСМ со Договор за користење на средства наш број 0302-9/1 од 23.05.2022 година во вкупен износ од 350.000,00 денари и истите во моментот на носење на одлуката се наоѓаат на сметката на КМФМ.

Член 3

За најуспешни кик бокс клубови според достигнувањата на своите натпреварувачи во тековната 2022 година заклучно со 20.06.2022 година се рангираат следните клубови, при што редоследот на рангираните клубови го означува местото на успешноста на клубот (позицијата 1 означува прворангиран - најуспешен клуб, а позицијата 6 означува шестто рангиран клуб):

1. КБК Шампион од Скопје – 28,57% = 100.000 денари
2. КБК Гладијатор од Скопје – 22,86 % = 80.000 денари
3. КБК Будо Кавадарци - 17,14% = 60.000 денари
4. КБК Енерџи од Битола– 14,29% = 50.000 денари
5. КБК Гладијатор - Неготино – 8,57% = 30.000 денари
6. КБК Работнички Адора – Скопје – 8,57% = 30.000 денари

Износот на процентот на распределба на средствата по успешност е земен според процентот што го има одредено Агенцијата за млади и спорт на РСМ при распределба на вкупните средства за рангирање на младинските клубови.

Член 4

Вкупните средства доделени за оваа намена ќе се распределат според процентуалниот износ наведен во член 3 на оваа одлука на трансакциски сметки на клубовите.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје, 20.06.2020 година
Наш број: 0303 – 10

Претседател на КМФМ,
______________________
м-р Дејан Митровски

КИКБОКС МАИТАИ
КМФМ
ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА